ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

# Елаборат за ревалоризација на Платаново стебло (*Platanus orientalis L.*) во с. Теово, општина Чашка



Во изработката на Елаборатот за ревалоризација на платаново стебло (*Platanus orientalis* L.) во с. Теово, општина Чашка учествуваше следниот тим:

**ДЕКОНС-ЕМА:**

1. Менка Спировска, дипл. биолог, овластен експерт за оцена на влијанија врз животната средина;
2. Катерина Алексовска, Дипл. проф. по биологија;
3. Трајче Митев, Дипл. проф. по биологија.

**СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ:**

4. Проф. д-р Јане Ацевски, експерт за дендрологија;

ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

**ТЕХНИЧКИ БРОЈ /05-51**

Министерството за животна средина и просторно планирање, презеде активност за валоризација и ревалоризација на десет стари, поединечни стебла, лоцирани во неколку општини на Република Северна Македонија. Во регуларна постапка за јавна набавка, консултантската куќа Друштво за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА", ДООЕЛ од Скопје е избрана да ја реализира споменатата активност.

Активноста е финансирана преку Буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Со проектната задача се опфатени 10 поединечни стари стебла, со изразити хабитуелни карактеристики, кои се евидентирани или прогласени како споменици на природа. При тоа ќе бидат вклучени поединечни стари дрвенести видови, кои се опфатени со Студијата за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот План на државата (2004).

Ангажманот е регулиран со Договор, заверен под број 05-4667/7 од 29.10.2021 (од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање) и под број 0307-50/1 од 01.11.2021 (од страна на „ДЕКОНС-ЕМА").

Овој Елаборат се однесува на платановото стебло лоцирано во с.Теово (Велешко-Азот), во општина Чашка.

Содржината на Елаборатот за ревалоризација на платановото стебло е во согласност со член 94, став (4) од Законот за заштита на природата.

Елаборатот дава дендролошки опис на сегашната состојба на платановото стебло, неговите морфолошки и фенолошки карактеристики, а во него е опишан и здравствениот статус на растението и досега преземените мерки за заштита. Исто така, Елаборатот предлага мерки за одржување, заштита и унапредување на платановото стебло. Елаборатот е дел од документацијата која е потребна за отпочнување на постапка за прогласување на платановото стебло во с. Теово за природна реткост, во согласност со Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21).

За потребите од изработка на овој Елаборат беа реализирани работни состаноци со вработените во локалната самоуправа на општина Чашка, неколку теренски посети, со цел да се направи увид во моменталната состојба на платановото стебло, како и анкета со жителите од неговото опкружување, во однос на историското и културно значење на стеблото.

„ДЕКОНС-ЕМА"ДООЕЛ Скопје

Управител,

Менка Спировска

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Дигитално потпишан од: CRRSM
~~Централен Регистар на Република Северна Македонија~~
Датум и час на потпишување: 23.09.2021 во 13:30:27
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing CA for e-Seals
Сертификатот е валиден до: 20.04.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020210397415

Датум и време: 23.9.2021 г. 13:30:18

**/Електронски издаден документ/**

# П О Т В Р Д А

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6247717 |
| **Назив:** | Друштво за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | СТЕФАН ЈАКИМОВ - ДЕДОВ бр.4-1/10 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0818-50/150020210397415

Страна 1 од 1

**СОДРЖИНА**

1 ВОВЕД ... 6
1.1 Методологија на работа ... 7
1.2 Цел и законска основа на валоризацијата/ревалоризацијата ... 8
2 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАТАНОВОТО СТЕБЛО (*Platanus orientalis* L.) ВО С. ТЕОВО ... 10
2.1 Географска положба на природната реткост ... 10
2.1.1 Макролокација ... 10
2.1.2 Микролокација ... 11
3 ОПИС НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ПЛАТАНОВОТО СТЕБЛО ... 13
3.1 Морфолошки карактеристики ... 13
3.2 Фенолошки карактеристики ... 15
3.3 Проценета старост на платановото стебло ... 15
4 ОПИС НА ВРЕДНОСТА НА ПРИРОДНАТА РЕТКОСТ ... 16
5 ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА-ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПРИРОДНАТА РЕТКОСТ ... 17
6 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ ... 19
6.1 Досегашни преземени мерки за заштита ... 19
6.2 Предлог-мерки за заштита и унапредување ... 19
7 ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ... 22
8 ЗАКЛУЧОК ... 22
9 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ПРАВНА РАМКА ... 23

**ЛИСТА НА СЛИКИ**

Слика 1 Земање изврток од платановото стебло со Преслеров свредел и утврдување на возраста со броење и мерење на годовите од извртокот ... 8
Слика 2 *Platanus orientalis* L. – платан, сред село Теово, до црквата „Св. Атанасиј" ... 9
Слика 3 Географска положба на општина Чашка во рамките на Република Северна Македонија ... 10
Слика 4 Местоположба на селото Теово во општина Чашка ... 10
Слика 5 Топографска карта во размер 1:25000 со прикажана локација на платанот во с. Теово ... 11
Слика 6 GPS координати на платанот во с.Теово ... 12
Слика 7 Сателитска снимка на потесното опкружување на платанот ... 12
Слика 8 Поглед на локацијата и опкружувањето на платанот ... 13
Слика 9 Хабитус на платанот ... 14
Слика 10 Крошна и дебло ... 14
Слика 11 Кора по деблото и гранките ... 15
Слика 12 Цветење на платанот истовремено со пролистувањето ... 15
Слика 13 Камен со впишана старост според месното население поставен до самото платаново стебло ... 16
Слика 14 Суви и оштетени гранки од платанот ... 18
Слика 15 Заштитен потпорен камен ѕид, железен столб на најдолгата и најниската гранка и рефлектор на самото стебло ... 19

**ЛИСТА НА ТАБЕЛИ**

Табела 1 Преглед на клучните поими кои се користат во Елаборатот ........................................................ 6

Табела 2 Утврдувањето на возраста, со броење и мерење на годови од изврток земен на терен со Преслеров сврдел ....................................................................................................................... 16

Табела 3 Табеларен приказ на мерките за заштита и унапредување........................................................ 21

# 1 ВОВЕД

Овој Елаборат претставува дел од едно посеопфатно истражување, чија цел е да даде опис на старото платаново стебло *Platanus orientalis* L. (чинар, платан, јавор), кое се наоѓа во селото Теово, опис на сегашната состојба (морфолошка, фенолошка, здравствена, еколошка), опис на неговата природна вредност и природна реткост, загрозеност, мерки за заштита, начин на санација/ревитализација, начин на понатамошно одгледување и заштита од абиотски и биотски фактори и унапредување на природната реткост.

За реализација на оваа цел направени се следниве задачи:

- утврдена е точната локација на стеблото, локацијата и природните услови на локалитетот;
- низ неколку теренски увиди утврдена е сегашната состојба на стеблото (морфолошки и фенолошки карактеристики, здравствена состојба, оштетувања, загрозеност);
- направена е фотодокументација и скици;
- применети се научни и стручни истражувачки методи заради добивање релевантни и точни податоци за стеблото;
- консултирана е стручна и научна литература;
- консултирано е локалното население и историските архиви;
- утврдена е правната основа за ревалоризација и прогласување на природната реткост.

Подолу се дадени објаснувања на некои од поважните и клучни поими кои се користат во овој Елаборат.

**Табела 1** Преглед на клучните поими кои се користат во Елаборатот

| Поим | Објаснување |
|---|---|
| **Природно наследство** | Природно наследство се делови на природата и локалитети кои се состојат од геолошки, физичко-географски или биолошки формации или група на такви формации, кои имаат исклучителна вредност од естетска, конзервациска или научна гледна точка. Природно наследство може да биде: заштитено подрачје, строго заштитен или заштитен див вид, карактеристични минерали и фосили, спелеолошки објекти или природна реткост; |
| **Заштитено подрачје** | Географско подрачје со точно дефинирани граници кое има статус признаен и утврден со закон или друг правен акт и е прогласено за заштитено подрачје заради остварување на долгорочна заштита и управување преку преземање на правни и други мерки, а со цел за постигнување на целите на зачувување на природата, продолжување на функциите на екосистемот и со него поврзаните културни вредности. |
| **Споменик на природата** | Дел на природата со една или повеќе природни карактеристики и специфични, загрозени или ретки обележја, својства или форми и има посебна научна, културна, воспитно-образовна, духовна, естетска и/или туристичка вредност и функција.<br>Споменици на природата се: езера, реки, клисури, водопади, извори, пештери, формации на карпи, геолошки профили, минерали и кристали, фосили, ретки или автохтони дрвја и грмушки кои се одликуваат со голема старост и специфични хабитуелни карактеристики, како и ограничени мали подрачја на ендемски и ретки животински или растителни заедници значајни по својата научна вредност. |
| **Природна реткост** | Компоненти на живата и неживата природа кои како објекти на природата, поради своите научни, естетски, здравствени и други значења, културна, воспитно-образовни и туристичко-рекреативна функција се под посебна заштита на државата. |

| | |
|---|---|
| **Ревалоризација** | Стручно и научно проценување на вредностите на природното наследство во функција на потврдување, проширување, зајакнување или намалување на досегот и дејството на заштита, вклучувајќи го изземањето или престанувањето на заштитата. Ревалоризацијата се врши со цел да се утврди реалната состојба. |

## 1.1 Методологија на работа

За реализација на задачата се користени следниве научни и стручни методи:

- Координатите и локацијата на платановото стебло во с. Теово беа утврдени со GPS и потврдени во Катастарот и катастарските скици на градовите и општините, од каде е преземен и катастарскиот број на парцелата и катастарската општина. Локалитетот е опишан според положбата каде што се наоѓа стеблото;
- На терен се мерени и проверувани следниве аспекти:
  - ✓ Морфолошки карактеристики
  - o обем на коренов врат (пантлика);
  - o обем на градна висина (пантлика);
  - o висина на дебло (пантлика);
  - o висина на стебло (височномер-blumelaize);
  - o висина на крошна (висиномер-blumelaize);
  - o ширина на крошна (пантлика);
  - o форма, структура и боја на кора на дебло и гранки;
  - o разгранетост и форма на крошна;
  - o утврдување на возраст со извртоци (Преслеров свrдел);
  - o фенолошки фази:
    - ▪ плодоносење (фруктификација); и
    - ▪ цветање;
  - ✓ Степен на Загрозеност
  - o оштетувања на дебло и гранки;
  - o појава на карпофори (габи);
  - o појава на ларви и инсекти;
  - ✓ Досега преземени мерки:
  - o досегашни мерки за санација и ревитализација;
  - o одгледувачки мерки (сеча на гранки);
  - o заштита на стеблото (огради, заштитни ѕидови);
  - o влијание на околните градежни објекти врз стеблото и неговата форма;
  - ✓ Изработка на нова фотодокументација за сегашната состојба на стеблото и неговата непосредна околина;
  - ✓ Собирање историски податоци и информации од локално население за значењето на стеблото во нивниот живот
  - ✓ Собирање на стара фотодокументација;

    - ✓ Собирање историски податоци и информации од постари граѓани за големината, формата и обликот на некои стари стебла од нивни сознанија или од она што им го пренесувале претходните генерации;

- Во лабораторија и канцеларија е направено:
    - ✓ Утврдувањето на возраста, со броење и мерење на годови од изврtокот земен на терен со Преслеров сврдел;




**Слика 1** Земање изврток од платановото стебло со Преслеров сврдел и утврдување на возраста со броење и мерење на годовите од извртокот

    - ✓ Консултирање на стручна и научна литература од областа на дендрологијата и заштитата на дрвјата;
    - ✓ Консултирање на податоци за досегашни превземени мерки за заштита и санација на дрвото;
    - ✓ Консултирање на податоци за досегашни искуства во санација и ревитализација на стари стебла;
    - ✓ Консултација на закони, поврзани со прогласување на природна вредност и заштита на природна вредност;
    - ✓ Консултирање на податоци од интернет.

## 1.2 Цел и законска основа на валоризацијата/ревалоризацијата

Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со научните институции, експерти за геодиверзитет и биодиверзитет, како и невладини експертски организации, прави напори да изврши валоризација на природното наследство и да изготви нови акти за прогласување во согласност со одредбите на законот. Исто така се спроведуваат активности и за ревалоризација на природните вредности на заштитените подрачја, обврска дефинирана во член 187 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21). Овие активности се реализираат со делумна финансиска поткрепа од Буџетот на Владата на РСМ (МЖСПП), но и од самите локални самоуправи на чија територија се наоѓа природното добро, како и од билатерални и меѓународни финансиски програми.

Според споменатиот закон, поради научни, естетски и други значења, но и поради културна, воспитно-образовна и туристичко-рекреативна функција, делови од природата се под посебна заштита на државата како природни реткости.

Како природни реткости можат да бидат прогласени одредени ретки, загрозени и ендемични, растителни и животински видови, нивни делови и заедници, релјефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти.

Министерството за животна средина и просторно планирање во Актот за прогласување на природната реткост го пропишува начинот на заштита и управување на природната во согласност со Законот за заштита на природата.

Во согласност со членот 94 од наведениот Закон, предлози за прогласување на природна реткост можат да дадат органите на државната управа, советот на општината, советот на општината од градот Скопје и Советот на градот Скопје на чие подрачје се наоѓаат истите, како и други научни установи, други органи, организации, институции и здруженија на граѓани, физички и правни лица.

Согласно Законот за заштита на природата предлозите за прогласување на природни реткости треба да содржат основ за поднесување на предлогот, картографски приказ и Елаборат за валоризација или ревалоризација на природната реткост кој содржи опис на природната реткост, опис на вредноста на природната реткост за која се предлага заштита на природната реткост, како и предлог мерки за заштита и за унапредување на природната реткост.

Во согласност со член 92 став (3) од Законот за заштита на природата „природните реткости ги прогласува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата". Со прогласувањето на природната реткост истата стекнува посебен статус на природно наследство.

Платановото стебло (*Platanus orientalis* L.) во с.Теово, кое е предмет на овој Елаборат, е прогласено за природна реткост во согласност со Законот за заштита на природните реткости, односно Советот на Општина Велес во 1983 година има донесено Одлука за прогласување на платановото стебло во с.Теово за споменик на природата.

Со ревалоризација и утврдувањето на вредностите, преку истражените и подготвените податоци од увидот на моменталната состојба (еколошки, морфолошки и фенолошки карактеристики), утврдената старост, степенот на загрозеност, досегашните превземени мерки за заштита и унапредување, како и значењето на ова стебло за локалната заедница, ќе се даде можност ова дрво да се стекне со статус на природна реткост, во согласност со важечкиот Закон за заштита на природата.



**Слика 2** *Platanus orientalis* L. – платан, сред село Теово, до црквата „Св. Атанасиј"

Горенаведените аргументи одат во прилог на потребата од спроведување на постапката за ревалоризација на платановото стебло (*Platanus orientalis* L.) и негово препрогласување како природна реткост.

# 2 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАТАНОВОТО СТЕБЛО (*Platanus orientalis* L.) ВО С. ТЕОВО

## 2.1 Географска положба на природната реткост

Регион: Вардарски

### 2.1.1 Макролокација

Платанот се наоѓа во селото Теово во областа Азот, во средишниот дел на територијата на Општина Чашка.



**Слика 3** Географска положба на општина Чашка во рамките на Република Северна Македонија

На следната слика е дадена мапа на општина Чашка, со означена локација на селото Теово каде што се наоѓа платановото стебло.




**Слика 4** Местоположба на селото Теово во општина Чашка




**Слика 5** Топографска карта во размер 1:25000 со прикажана локација на платанот во с. Теово

### 2.1.2 Микролокација

Платанот, кој е предмет на елаборирање, се наоѓа сред село до црквата „Св. Атанасиј", на десетина метри од влезот во црквата во правец кон исток.

Околу деблото на чинарот е направен шестоаголен заштитен камен ѕид со висина од 50 cm и ширина од 60 cm на кој се поставени дрвени решетки за седење. Целокупниот простор под платанот е поплочен со павер елементи (бекатон). Истиот на некои места под влијание на површинските корени почнува да се подига и деформира.

Заштитниот ѕид од западната страна е до самиот асфалтен пат кој води кон село Богомила.

Во непосредна близина на чинарот е поставена мала чешма за потребите на локалното население како и објекти за живеење-куќи.

Местото каде расте ова дрво припаѓа на КО Теово, КП бр. 4258 и истото ги има следниве координати:

| Координати на платанот | |
|---|---|
| N | E |
| 41° 59.943′ | 021° 25.304′ |




**Слика 6** GPS координати на платанот во с.Теово




**Слика 7** Сателитска снимка на потесното опкружување на платанот



**Слика 8** Поглед на локацијата и опкружувањето на платанот

# 3 ОПИС НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ПЛАТАНОВОТО СТЕБЛО

Овој дел од Елаборатот се однесува на опис на моменталната состојба на платанот, неговите морфолошки и фенолошки карактеристики, кои се појдовна основа за оценување на вредноста и препорачување на мерки за ревитализација и санација.

## 3.1 Морфолошки карактеристики

Морфолошките карактеристики го опишуваат надворешниот изглед на стеблото и неговите димензии. Крошната на платанот е широко зоблена, со 12 големи гранки кои во основата се дебели од 40-60 cm. Самото дрво е високо 20.5 m, деблото е високо 1,65 m, а висината на крошната е 18,85 m.

Формата на крошната е широко заоблена без врв-топчеста со обем од 95,7 m, а ширината мерена кон:

- Север 11,50 m
- Исток 18,0 m
- Југ 16,7 m
- Запад 11,3 m
- Север-северозапад 30,5 m.



**Слика 9** Хабитус на платанот

Во основа кореновиот врат на деблото има обем од 9,74 m, обемот на градната височина е 7,56 m, а дијаметарот изнесува 2,4 m и радиус 1,2 m. Деблото е право и полнодрвно.





**Слика 10** Крошна и дебло

Кората по деблото е со сиво-пепелава до сиво-кафеава боја и е грубо испукана со неправилни полигонални плочки (3x4 cm). По гранките кората е мазна до панциресто испукана, шарена со сиво-сивозелена до жолто-сива боја (маскирна).



**Слика 11** Кора по деблото и гранките

## 3.2 Фенолошки карактеристики

Цветањето и плодоносењето (фруктификација) е средно.



**Слика 12** Цветење на платанот истовремено со пролистувањето

## 3.3 Проценета старост на платановото стебло

Официјални податоци за староста на овој платан не постојат.

Утврдената старост според месното население е околу 500 години.




**Слика 13** Камен со впишана старост според месното население поставен до самото платаново стебло

За утврдување на староста (возраста) на платанот се користеше методата на вадење изврточи од деблото со Преслеров сврдел и броење на годовите, па оттука и староста на овој платан е приближно околу 640 години.

**Табела 2** Утврдувањето на возраста, со броење и мерење на годови од изврткот земен на терен со Преслеров сврдел

| | |
|---|---|
| Број на направени изврточи | 1 |
| Должина на извртoк | 9 cm |
| Број на годови на извртoк | 60 |
| Утврдена старост според изврточи | 640 години |
| Утврдена старост според месно население | околу 500 години |

# 4 ОПИС НА ВРЕДНОСТА НА ПРИРОДНАТА РЕТКОСТ

Како и останатите стари платани и овој се наоѓа до самиот асфалтен пат сред село. Во минатото, но и денес имал улога на место каде се собирало локалното население, пред се од маалото, но и од останатите делови од селото и непосредната околина. Со својата импозантност, пред се големата крошна и дебело дебло, го привлекува вниманието на секој минувач. Истиот е заобиколен со шестоаголен заштитен камен ѕид, на кој има клупи и во летните и жешки денови нуди добра и дебела ладовина на луѓето кои се одмараат под него. Поради тоа што претставува фокусна точка во селото, неговата големина, старост и добра зачуваност го прави да има голема, не само природна, туку и културно-историска вредност.

Во Македонија било вообичаено платаните да се засадуваат на одредени места каде има голема фреквенција на луѓе или пак тие места претставувале своевидно собиралиште на народот.

Платановите дрвја-чинари, најчесто се наоѓаат покрај верски објекти (цркви и џамии), на места каде се собирал народот, покрај чешми, сред село и често се посветувале на (или поврзувале со) починатите или на некој значаен човек. Заради староста која ја достигнуваат, платановите дрвја се поврзуваат со фамилијарните корени/фамилијарните стебла. Тоа се вековни дрвја, односно достигнуваат старост од неколку стотици години. Со своите разгранети крошни нудат прекрасни сенки, па затоа околу нив се собирал народот, а често се развивале и угостителски активности. Платановите дрвја најчесто се наоѓаат покрај вода, па народот ги поврзувал со митови за самовилите.

Со цел да се добијат повеќе информации во врска со значењето на ова дрво, од страна на Друштвото за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ, Скопје, беше спроведена анкета за платанот, со која се собираа информации од локалните жители на селото Теово.

Според собраните информации и податоци на 09.12.2021 година, може да се заклучи дека луѓето го препознаваат ова дрво како природна атракција, место кое нуди сенка за краток одмор и социјализација на луѓето, но и како природен објект кој укажува на многу вековната историја на с. Теово.

На верскиот празник „Ѓурѓовден" со векови постоела традиција локалното население да се собира околу дрвото, да се пеат песни и да се лулаат на лулашки направени од јажиња закачени на подебелите гранки од дрвото.

На верскиот празник „Велигден" традиција со векови била да се собираат околу дрвото и некои селани се преправале во камили (мини карневал) и кој сакал да се качи на камилата морал да плати. Свиреле зурли, тапани и гајди и се пееле традиционални народни песни. Младите од селото, како и од околните села се собирале на овој собир (сеир) и ја користеле приликата да се бендисаат и кердосаат.

На овој ден мажите и момчињата правеле кула од луѓе во два реда, 10 доле и 10 горе на рамената исправени на долните селани. Кулата била од два реда поставена во круг со цврсто поврзани меѓу себе селани. Се пеело „петлето" песна.

Просторот „сред село кај јаворот" често се користел за селски свадби, седенки и средби.

Според усните преданија овој јавор во селото Теово постои уште пред „турско време".

Во поново време коњаниците кои учествуваат во традиционалниот илинденски марш од с. Горно Лисиче до Мечин Камен (Крушево), се собираат под јаворот во с. Теово, се одмараат и преноќуваат и наредниот ден продолжуваат.

За верскиот празник „Коледе", традиционално се пали оган во близина на дрвото, се собираат коледарите и мештаните и пеат коледарски песни.

Локалното население смета дека е важно одржувањето на просторот околу старото дрво и неговата заштита, бидејќи староста на дрвото ја потврдува долгата историја на с. Теово и традицијата на луѓето кои некогаш живееле во селото да садат дрвја по повод некој настан како и поради тоа што на овој начин ќе се интензивира неговата атрактивност како објект за посета и фотографирање од страна на туристите кои доаѓаат во селото.

# 5 ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА-ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПРИРОДНАТА РЕТКОСТ

Нема оштетувања по деблото. Има една дебела и сува гранка која е скршена на која е оформена хипертрофија до должина од 4 m. Една сува гранка при врвот со дебелина од 20 cm пред распаѓање/паѓање. Една гранка со должина од 5 m исто при врвот – целосно сува пред кршење и распаѓање. На одредени гранки од крошната се забележани помали исушувања. На местата каде се скршиле одредени гранки и отпаднале, започнат е процес на калусирање (затварање на раните) со заштитно ткиво.

По деблото нема појава на карпофори (габи). Само на одредени суви гранки кои се уште не падналe се забележуваат ситни карпофори (габи) од деструктори на мртво дрво.

По стеблото има неколку отвори во дрвото од клукајдрвци (птици) кој се хранат со инсекти и ларви кои живеат под кората или во мртвата дрвесина. На сувите гранки има остатоци од активност на одредени подкорници кои прават деструкција на мртвото дрво. Не е забележена појава на платанов молец (алохтон инсект) кој во последниве години прави големи штети (некроза на листовите) по платановите стебла во некои делови на Македонија.

Нема некои позначителни оштетувања од абиотски и биотски фактори.



**Слика 14** Суви и оштетени гранки од платанот

# 6 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ

## 6.1 Досегашни преземени мерки за заштита

Најдолгата (18 m) и најниска гранка (во правец на црквата) е потпрена со железен столб (2,4 m) на 1/3 од деблото. Со тоа е спречено нејзино кршење поради големата должина и тежина. Металната плоча, која ја потпира оваа гранка постепено сраснува (калусира) со гранката. Поставени се и две метални зелени канти на потпорниот метален столб кои воопшто не се вклопуваат во просторот. Исто така поставена е и една пластична канта. Во минатото биле сечени исушените и оштетени гранки. Местата, каде се сечени овие гранки, веќе калусирале или се во фаза на затварање на раните.

Околу деблото направен е шестоаголен заштитен камен ѕид со висина од 50 cm и ширина од 60 cm на кој се поставени дрвени решетки за седење. Истиот е одалечен околу 2 метра од деблото. Подигнатиот простор е исполнет со крупни бели округли варовични камења и осветленсо 3 рефлектори, поставени на стеблото. Во минатото кореновиот врат на деблото во два наврати бил покриван со земја со цел да се покријат испакнатите и површински корени кои пречеле за движење на населението. Денес првичниот коренов врат е на длабочина од 1 m.



**Слика 15** Заштитен потпорен камен ѕид, железен столб на најдолгата и најниската гранка и рефлектор на самото стебло

## 6.2 Предлог-мерки за заштита и унапредување

Заради идно соодветно одржување и заштита на платановото стебло, на кој во моментов се забележуваат одредени недостатоци, се предлага:

- Целосно и правилно отстранување на сувите гранки во крошната на дрвото;
- Пресеците на гранките правилно да се изведат и соодветно третираат да не се оштети централната дрвесина на деблото;
- Спроведување превентивни мерки со зимско третирање, редовни фитосанитарни контроли од стручни лица;

- Може да се врши и повремено ѓубрење како на коренот, така и фолијарно прихранување се со цел физиолошки да се зајакне целото стебло;
- Редовно следење и навремено превентивно да се реагира ако дојде до дисбаланс на развојот на крошната за да не настанат механички оштетувања;
- Во текот на вегетацијата по потреба да се наводнува бидејќи коренот е во камена жардинјера.

Заради заштита и зачувување на платановото стебло забрането е да се извршуваат следните активности:

- Палење оган во близина на стеблото или негово опожарување
- Сечење и кршење гранки
- Оштетување на дрвесината на стеблото
- Поставување табли и други материјали на стеблото и во неговата блиска околина
- Расфрлање отпад и шут во близина на стеблото и
- Други активности со кои може да се предизвика промена на визуелен изглед на стеблото, како и загрозување на неговиот биолошки опстанок.

Дозволени активности:

- Спроведување континуиран мониторинг на здравствената состојба на платановото стебло,
- Преземање на континуирани конзерваторски мерки во соработка со експерти
- Промовирање на заштита и зачувување на платановото стебло

Се препорачува покренување на иницијатива од страна на Општината Чашка за зајакнување на јавната свест на луѓето, што би се одвивало преку јавните медиуми, потоа преку вклучување на темите за значењето на платановото стебло за селото Теово во јавните манифестации кои се одржуваат во селото, организирани дебати, трибини и едукативни работилници во основните и средните училишта, кои ќе бидат посветени на платанот и неговото значење како карактеристично обележје на с.Теово, но и како природна реткост итн. Притоа, можат да се користат примери на добри практики од други земји, каде одамна постојат дрвја со значајни хабитуални карактеристики и кои имаат заштитен статус.

**Табела 3** Табеларен приказ на мерките за заштита и унапредување

| Ред. бр. | Опис на мерката | Цел на мерката | Временски распоред на реализација |
|---|---|---|---|
| **I АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ** | | | |
| 1. | Отстранување на сувите гранки и правилно изведување на пресеците на гранките и нивно соодветно третирање | Одржување на формата на крошната<br>Спречување на оштетување на централната дрвесина на деблото | Континуирано |
| 2. | Соодветно третирање на претходно направените оштетувања од нестручно сечење и санирање на гранките | Спречување на ширење на деструктивните процеси во дрвото | Во најбрз можен рок |
| 3. | Зимско третирање на дрвото | Спречување на појава на паразити и болести | Континуирано, пред настапување на зимата |
| 4. | Редовни фитосанитарни контроли од стручни лица | Следење на општиот здравствен статус на дрвото | Континуирано |
| 5. | Повремено ѓубрење како на коренот, така и фолијарно прихранување | Зајакнување на стеблото | Континуирано |
| 6. | Во текот на вегетацијата по потреба да се наводнува | Правилно управување со стеблото | Континуирано |
| **II АКТИВНОСТИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ВО ОДНОС НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ПЛАТАНОТ** | | | |
| 7. | Покренување на иницијатива за зајакнување на јавната свест кај луѓето, што би се одвивало преку јавните медиуми, јавните манифестации кои се одржуваат во општината Чашка и селото Теово, организирани дебати и трибини во основните и средните училишта за значењето на платанот за селото Теово и како споменик на природата | Заштита на платанот преку зајакнување на свесноста кај луѓето за неговото значење | Континуирано, според динамика одредена од Општина Чашка. |

# 7 ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Тргнувајќи од фактот дека платанот се наоѓа во село Теово, кој пак според територијалната поделба на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија припаѓа на општината Чашка, како најрелевантен субјект на кој ќе се додели правото на управување со природната реткост „ Платаново стебло - с.Теово ‟, се препорачува да биде Општина Чашка.

Тоа е во согласност со начелото за супсидијарност од Законот за животна средина, со што општината има право и должност на своето подрачје да ги преземе сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина.

# 8 ЗАКЛУЧОК

Здравствената состојба на платанот е релативно добра, не се забележуваат оштетувања на деблото. Сепак, само на одредени суви гранки кои се уште не паднале се забележуваат ситни карпофори (габи) од дестриктори на мртво дрво. На сувите гранки има остатоци од активност на одредени подкорници кои прават деструкција на мртвото дрво. Исто така не е забележана појава на платанов молец.

Покрај староста на платановото стебло, неговиот хабитус, естетската функција во просторот, овој платан има и културно-историско значење за с. Теово.

***Заради ова, а во согласност со Законот за заштита на природата, се препорачува платановото стебло (Platanus orientalis L.) лоциран во сред село Теово да биде заштитено како природна реткост. Како најрелевантен субјект на кој ќе се додели правото на управување со природната реткост „Платаново стебло-с.Теово", се препорачува да биде Општина Чашка.***

Општина Чашка, како субјект за управување со платановото стебло во с. Теово, во соработка со научни институции и експерти и во согласност со мерките за заштита предложени во овој Елаборат, ќе се задолжи да изврши санација и ревитализација на стеблото, што ќе придонесе за негово одржување.

# 9 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ПРАВНА РАМКА


- К. Мицевски (1993): Флора на Република Македонија Том I, св.2
- Х. Ем (1967) Преглед на дендрофлората во Македонија, спонтани и супспонтани видови.
- С. Џеков (1985) Дендрологија
- Jean-Denis Godet (2000) Drvece I grmlje
- C. J. Humphries, J. R. Press, D. A. Sutton (2004) The Hamlynn guide to trees of Britain and Europe
- Закон за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21).
- Закон за заштита на природните реткости (Службен весник на РМ бр.41/73)
- Закон за животната средина („Сл. весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и 89/22);
- Просторен План на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.39/04)
- Секторската студија за заштита на природното наследство (1999): Министерство за животна средина
- Стратегија за локален економски развој на Општина Чашка за период 2021-2025 година
- Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027). МЖСПП, 2018)
- Националната стратегија за биолошка разновидност за период (2018-2023). (МЖСПП, 2018)